# ЗАПИСНИК
**од 12. (дванаесетта) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 22 април 2026 година (среда), во општинската сала со почеток во 10.30 часот.**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Христо Саракинов, Претседател на Советот на Општина Карпош, по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Од 27 членови на Советот на Општина Карпош, на седницата беа присутни сите 27 членови на Советот на Општина Карпош.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Предраг Станковски, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановски, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трошановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Пополнетиот евиденционен лист претставува доказ дека член на Советот присуствувал на 12. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот со што Советот може полноважно да одлучува.

На седницата присуствуваше Градоначалникот Сотир Лукровски, претставници од општинската администрација и подносители на материјали со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Совет констатираше дека согласно позитивните законски прописи, материјалите од страна на Одделението за поддршка и организација на работата на Советот се испратени во законски утврдениот рок седум дена пред почетокот на закажаната седница. Извести дека на 21 април во кабинетот на градоначалникот се одржала координација со координаторите на

советничките групи, на кои заедно со градоначалникот биле разгледани и дискутирани точките од предложениот дневен ред.
Во однос на предметните комисии, како помошни тела на Советот што одржале свои седници, претседателите или известителите во текот на седницата ќе поднесат извештај за точките што ги разгледувале и по кои расправале.

Претседателот на Совет отвори расправа по

ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 11. седница**

1. **Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година**
2. **Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**
3. **Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**
4. **Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**
5. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година**
6. **Предлог-Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година**
7. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид**
8. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**
9. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната**

**установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

10. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**
11. **Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
12. **Предлог-Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**
13. **Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје**
14. **Предлог-Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош**
15. **Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

Претседателот на Совет, ги извести присутните дека за дневниот ред ќе бидат предложени две дополнителни точки за кои веќе координаторите се известени.

**Првиот предлог :**
**Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош за 2025 година**. Ги повика службите да ја образложат точката која се предложува.

Збор зема Мирјана Ѓорѓиевска од секторот за финансиски прашања со цел да ја образложи потребата за додавање точка на дневниот ред **Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Општина Карпош за 2025 година**. Години наназад не се користеле средства од резервите и затоа не била доставена како посебна точка кога се усвојувал годишниот извештај за 2025 година, се работи за пропуст. А во 2025 година беа исплатени средства во износ од еден милион денари поради несреќата од пожарот што се случи во Кочани, потребно е да се усвои Годишен извештај за користење на средствата од резервите.

**Вториот предлог:**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**Предлог - Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на општина Карпош**.

Претседателот на Совет посочи дека била разгледана оваа иницијатива и констатирано е од страна на координаторите дека на денешната седница ќе се предложи и ќе биде ставена како Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на општина Карпош.

Збор зема членот на советот Татјана Чакулев во однос на советничките прашања и посочи дека до сега не се работело согласно Деловникот на Советот на Општина Карпош, бидејќи член 18 од Деловникот вели дека советничките прашања не се дел од дневниот ред, констатира дека тие погрешно ги гласале како точка на дневниот ред. Советничките прашања по правило, се поставуваат пред да се утврди дневниот ред и се договараат, а по исклучок може да се гласа советничките прашања да се поставуваат по исцрпување на дневниот ред и бара отсега понатаму да се постапува согласно Деловникот и да се започне со советнички прашања пред да се утврди дневниот ред.

Збор зема членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска која ја посочи причината зошто советнички прашања биле на крајот на седницата, поради тоа што има прилично многу прашања кои доаѓаат од секој аспект и сфера и од секоја урбана заедница и тие траат долго, смета дека поставената пракса, што е досега низ годините се практикувала, треба да се задржи. Како координатор на советничката група посочи дека и тие имаат советнички прашања, но бара сето тоа да биде на крајот од седницата, бидејќи има прашања од сите сфери, комунално, образование, детска социјална заштита итн. Затоа предлага да се заврши седницата, материјалната расправа по сите точки, бидејќи апсолутно е во интерес на граѓаните и на крајот од седницата да додадат точка советнички прашања.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која потенцира дека за советничките прашања деловникот не налага да бидат во дневниот ред. Поради тоа е предлогот и воедно зошто се бара промена на деловникот. Бидејќи тој не се почитува и сакаат да биде напишан за да може да го почитуваат.

Збор зема Претседателот на Совет кој истакна дека воспоставената пракса е добра, советничките прашања да бидат на крајот на седницата како последна точка. Доколку се согласат на друг принцип да бидат советничките прашања, слободно ќе дадат предлози, па ќе се разгледаат.

Збор зема членот на Советот Славко Митевски кој истакна дека на координацијата разговарале, за Иницијативата за изменување и дополнување на деловникот на Статутот и формирање на комисија за изменување и дополнување на Деловник и Статутот на Општина Карпош.

Службите појаснија дека иницијативата ќе се однесува само на деловникот, затоа што процедурата за изменување на деловникот и изменување на статутот е различна. Конкретно на оваа седница ќе се усвои иницијатива за измена на деловникот, а потоа ќе се донесе решение со кое што ќе се формира комисија која што ќе направи изменување и дополнување на деловникот и изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош. Ќе биде една комисија, меѓутоа во решението за формирање на комисија која што ќе го изменува и статутот деловникот ќе бидат предвидени насоки односно акти кои што комисијата треба да ги изработи и предложи.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која го цитира член 18 од Деловникот: „Прашањето може да се постави усно на седница на Советот, а во времето меѓу две седници писмено. По прашањата по правило се поставуваат и одговорот се дава пред утврдувањето на дневниот ред на седницата на Советот. Советот може да одлучи прашањата да се поставуваат и одговорите да се добиваат на крајот на седницата, односно по исцрпувањето на дневниот ред на седницата. Советот може да одржува и посебни седници за поставување прашања.“ Според тоа, таа смета дека не се почитува членот од Деловникот на Советот на Општина Карпош.

Членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска и реплицираше на членот на Советот Татјана Стојановска, која се согласува да се гласа за предлогот на крај да бидат советнички прашања.

Збор зема членот на Советот Вера Бужаровска која смета дека се работи за едно недоразбирање. Сака да појасни дека советничката вели дека не треба да стои „советнички прашања“ како точка на дневниот ред. На пример, Советнички прашања да не биде 16 точка, туку да се договорат дали советнички прашања ќе има на седница, или нема да има, ако има дали ќе има пред дневниот ред или после дневниот ред. Ако се договорат после дневниот ред, да бидат после дневниот ред, а не како на пример 16 точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот го стави на гласање првиот предлог за дополнување на дневниот ред: **Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Општина Карпош за 2025 година, предложен како точка број 1 од дневниот ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош во 2025 година како точка бр.1 од дневниот ред.**

Претседателот на Советот го стави на гласање вториот предлог за дополнување на дневниот ред: **Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош, предложена како последна точка на дневниот ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоено додавање на Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош како последна точка од дневниот ред.**

Потоа, Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот советничките прашања да се разгледуваат на крајот, по исцрпувањето на дневниот ред.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот Советнички прашања да бидат на крајот, по исцрпувањето на дневниот ред.**

Претседателот на Совет го затвори претресот по дневниот ред и го стави изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен следниот:**

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување записник од 11. седница**

16. **Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош во 2025 година**

17. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година
18. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година
19. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година
20. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година
21. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година
22. Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година
23. Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид
24. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош-Скопје
25. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов", Општина Карпош-Скопје
26. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје
27. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост", Општина Карпош-Скопје
28. Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош
29. Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов"- Карпош, Скопје
30. Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош

31. **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**
32. **Предлог- Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош**

**Советнички прашања**

Пред да помине на разгледување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот отвори расправа по записникот од 11. седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 11. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, е усвоен записникот од 11. седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 21.04.2026 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој која посочи дека била одржана на 21.04.2026 година, извести интегрално по сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**ТОЧКА 1 Предлог - Годишен извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош во 2025 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоен е Годишниот извештај за користење на средства од резервите на Општина Карпош во 2025 година.**

**ТОЧКА 2 Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема Мирјана Ѓорѓиевска од секторот за финансиски прашања со цел да го образложи Кварталниот извештај согласно материјалите доставени за седница. По образложување на точката члeновите на советот поставија прашања.

Збор зема членот на советот Татјана Стојановска која постави прашање во ставката други трансфери кај општинската администрација 14.000.000 денари. Побара објаснување кои се тие други трансфери?

Мирјана Ѓорѓиевска одговори дека тоа се средства за судски трошоци што се плаќаат кон некои фирми, поради тоа е голема сумата.

Збор зема членот на советот Татјана Чакулев која постави прашање за приходите од код 733 продажба на земјиште нема материјални одржувања. Овие реализирани средства од 200.000 денари, дали тоа е со основа на дооформување?

Мирјана Ѓорѓиевска одговори и појасни дека тоа се средства од продажба на земјиште, концесии и легализација отприлика по 200.000 денари се сите три ставки концесија, легализација на објекти и од продажба на земјиште, продажба на земјиште кои што ставаат дооформување.

Претседателот на Совет побара Ѓорѓиевска да ги образложи и наредните 4 точки во дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиевска го образложи проширувањето на буџетот. Посочи дека се прошируваат средствата во износ од 1.600.000 денари во градинките. Средствата се наменети за исплата на јубилејни награди на вработените во детските градинки поради тоа што до сега јубилејната награда во детските градинки воопшто не била исплаќана но има донесен колективен договор и законски мора да почнат со исплаќање на јубилејните награди. Кај училиштата тој проблем го решиле уште од минатата година. Остануваат уште градинките според колективниот договор да почнат со исплаќање, бидејќи не биле предвидени со буџетот. Прават проширување на ставките затоа што веќе има барања од колегите кои што треба да бидат исплатени, да се направат решенија односно да почнат со исплата.

Во однос на 4. точка, таму се прават распоредување на средствата од прехрамбени производи во износ од 200.000 денари, а се додаваат 200.000 денари на патувања. Тие средства се наменети за децата од училиштето и за учениците и за наставниците во ООУ "Владо Тасевски" имаат патување во Германија по повод одреден проект на кои им се обезбедуваат финансиски средства од 200.000 денари. Минатата седница се изменила програмата, но мора и финансиски да го решат тој дел.

Во однос на предлог точката за изменување и дополнување на одлуката за извршување на буџет, секоја година кога станува збор за усогласување со минималната плата, се носи Одлука за изменување на Одлука за извршување на буџет затоа што со одлука на Влада се зголемија средствата во износ од 1667 денари. Со овие средства мора да се зголеми и платата на техничкиот персонал. Ова се само вработените што се технички персонал во општината, возачи, хигиеничари кои што не се во онаа одлука која што е за државни службеници, каде што бодот е зголемен и изнесува 81,6. Секоја година кога станува збор за усогласување на платата во февруари и март мора да донесат одлука за изменување на нивната плата за вредноста на бодот и тие секогаш доцнат еден месец се додека се донесе оваа одлука.

Збор зема членот на советот Славко Митевски со прашање за 16% реализација на Буџетот, за што смета дека најверојатно поголемиот дел е за исплата на Совет, градоначалник, администрација и тоа се 16 % реализација. Ако се погледнат точките ќе видат дека реализирањето на буџетот е катастрофален. За одржување на урбана опрема под 1 %, а насекаде има искршени клупи. За асфалтирање на улици во јануари, февруари не постои градежна сезона па на пролет или на лето да бидат поактивни околу тоа. За јавно осветлување 15.900.000 ден предвидени, а има реализирано само 230.000 ден за три месеца не успеале ни 1 % да се реализира од буџетот. За одржување на урбана опрема под десет милиона. Укажа дека треба да се помине и да се види во која состојба се

некои клупи. Јавна чистота 55. 703 .000, а 13 % е реализацијата. Посочи дека треба да се погледаат парковите до претходната недела. И распределбата кој ќе коси, дали Град Скопје, дали Општина Карпош воопшто не го интересира. Посочи дека Град Скопје биле да ги искосат паркови кои сме ги одржувале порано, т.е Општина Карпош. Не го изненадува што голем бројот на граѓаните прашуваат дали општината воопшто функционира, затоа што многу малку работи се направени за овие три месеца, Нема ни 5 % реализиран буџет. Дали функционираат или не, што се случува. Зашто ништо не се случува во општината?
Не бара одговор на прашањето. Ова е само една негова констатација дека не се работи како што треба и треба да биде многу поактивна општината. Укажа дека буџетот е донесен на време. Што се чека четири месеца да се да се пуштат тендери? Нема објаснување зошто не се пуштат тендери да се набави сијалица или батерии. Очекува во следниот квартал да се драстично подобри, затоа што вака неможе.

Збор зема Градначалникот кој посочи дека навистина со одредени постапки малку се доцни. Од наброеното, одредени постапки делумно се завршени, делумно се во тек, меѓутоа не е дека не е отпочната и апропо нивното завршување ќе се постапува по одредените забелешки. Што се однесува до косењето на тревата, овој период бил најкритичниот период, со тие капацитети со кои располагаат реонски, блоковски се постапува, секојдневно и работниците се на терен. Тоа што го спомнал околу интервенциите дали се на градот или на општината, тој не би се согласил дека делот од обврските некој ни презема. Смета дека и освен булеварското, и оние блоковските што се одделени за градот ги покриле нашите работници и има и дополнување на наша опрема кон градот. Оттаму со одредена бројка на луѓе се покрива Има нови 70 вработувања во градот и очекува да тоа се консолидира и да биде да биде што поефикасно. Во однос на уличното осветлување сепак се носи решение. Бара оние што стигнува како забелешки за одредени позиции се коригираат.

Збор зема Претседателот на совет околу урбана опрема, кој посочи дека дискутирано е со раководителот Петар Теов, веќе и тендерите се во постапка и многу брзо сите оштетени клупи, урбаната опрема, лулашки во парковите ќе бидат направени. Капацитетите се тие и сите капацитети се искористени и луѓето работат на терен.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека усвоен е Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година.**

ТОЧКА 3. Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**

**ТОЧКА 4. Предлог-Одлука за измени на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлука за измени на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**

ТОЧКА 5. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Неделчо Крстевски во својство на претседавач на Комисијата за заштита на животната средина (екологија и енергетска ефикасност) да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Неделчо Крстевски во својство на претседавач на Комисијата за заштита на животната средина (екологија и енергетска ефикасност) кој посочи дека седницата била одржана на 21.04.2026 година и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

**ТОЧКА 6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека усвоена е Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Екологијата и Енергетската ефикасност за 2026 година.**

**ТОЧКА 7. Предлог-Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка. И побара од службите да се констатира присутност на членовите на Советот.

Службите констатираа 24 присутни членови на Советот.

Збор зема членот на советот Татјана Чакулев која укажа дека на Комисијата за заштита на животната средина (екологија и енергетска ефикасност) го изнела своето мислење во однос на една точка, односно акција од Годишниот акционен план за спроведување на ЛЕАП-от. Посочи дека предметната точка им била доставена на советниците по електронска пошта. Станува збор за тематската област „вода“, односно акцијата за поддршка на здруженија на граѓани за

реализација на едукативни и информативни содржини наменети за деца. Таа смета дека оваа точка не соодветствува со проблемот што го имаме на тема вода. Таа предложи средствата во износ од 200.000 денари предвидени за оваа намена да се отстранат. Дополнително, смета дека објаснувањето од страна на Секторот дека општината има обврска да поддржува здруженија на граѓани не претставува доволно оправдана причина за спроведување на оваа активност. Воедно, укажа на постоечки проблеми во однос на користењето на питка вода за наводнување на зелените површини, како и на фактот дека на одредени локации воопшто не се врши наводнување, ниту со питка, ниту со техничка вода. Како алтернатива, предложи оваа акција да се замени со изработка на физибилити студија за воспоставување на системи за користење техничка вода во Општина Карпош, наменета за наводнување и чистење на улиците. Студијата би опфатила можни извори, како што се бунари или користење вода од реката, како и финансиски анализи и правни основи за реализација. Таа нагласи дека е потребно најпрво да се утврди правната и финансиската издржаност преку ваква студија, наместо да се носат одлуки кои подоцна не се реализираат. Дополнително, посочи дека по изработката на студијата ќе може прецизно да се утврди потребниот буџет, како и изворите на финансирање, односно дали средствата ќе се пренаменат од постоечка ставка или ќе се изврши зголемување на буџетот во рамки на ЛЕАП-от.

Зема збор Петар Теов од секторот за екологија и енергетска ефикасност со цел да го објасни ЛЕАП-от. Тој појасни дека ЛЕАП претставува повеќегодишен стратешки документ, додека документот што во моментов се разгледува е едногодишен, краткорочен акционен план со конкретни мерки, кои задолжително произлегуваат од ЛЕАП-от. Станува збор за ЛЕАП 3, односно трет ваков стратешки документ. Во него, како и во претходните, е предвидено да се обезбеди поддршка за здруженија на граѓани за реализација на едукативни и информативни активности, особено наменети за деца од основно образование. Оваа мерка е дел од стратешкиот документ, а не од самиот акционен план. Сепак, во тековниот акционен план таа е предвидена во значително намален обем, односно со само еден проект во вредност од 200.000 денари, кој треба да ги опфати сите десет основни училишта. За оваа година е избрана темата „вода“, при што е предвидено децата да се запознаат со оваа проблематика и на локално и на глобално ниво, без поедноставување само на локални аспекти. Истакна дека ваквата поддршка е значително намалена во споредба со претходните години, кога имало повеќе проекти и значително поголема финансиска поддршка за невладините организации. Како пример наведе дека во 2015 година биле поддржани седум проекти, а слична пракса продолжила и во периодот 2016–2018 година, како и во 2019 година, но со поголеми буџети. Во тековната

година е предвиден само еден проект со ограничени средства. Првичната сума изнесувала 250.000 денари, но е намалена на 200.000 денари, при што преостанатите средства се пренаменети за други активности, каде што биле попотребни (како, на пример, за поставување камери).
Тој оцени дека, и покрај скромните средства, не постои пречка оваа активност да се реализира, особено имајќи предвид дека темата „вода" не треба да биде изоставена од акциониот план. Оваа активност претставува една од вкупно десет предвидени активности, додека останатите девет се однесуваат на други медиуми. Исто така, посочи дека ќе биде објавен јавен повик, при што сè уште не е познато кое здружение на граѓани ќе биде избрано. Според него, едукацијата на најмладите има најголем ефект, за разлика од повозрасните групи, кај кои ефектот е намален. Заклучи дека со предвидените 200.000 денари нема да се постигнат значителни промени во други области, но дека средствата се оправдани за оваа намена. Воедно, смета дека составот на комисијата која ќе ја изработува програмата треба да остане непроменет.

Збор зема Татјана Чакулев истакна дека прашањето за водата претставува сериозен проблем не само во Град Скопје, туку и на ниво на државата и во општината. Таа нагласи дека оваа тема е веќе опфатена во ЛЕАП документот, каде што се наведени клучните проблеми поврзани со користењето на питка вода, потребата од користење техничка вода, како и третманот на отпадните води. Според неа, токму ЛЕАП-от е соодветната рамка во која треба да се адресираат овие прашања. Предложи изработка на физибилити студија која ќе ги утврди можните извори на техничка вода, нивните капацитети, импликации и финансиски аспекти. Таа појасни дека студија би ја изработил надворешен експертски тим или здружение, а не самата општина, со цел да се добие стручна и објективна основа. Според неа, ваквата студија би претставувала база на податоци и основа за понатамошно постапување, со јасни информации што може, каде може и под кои услови може да се користи техничка вода, како и кои се финансиските и техничките можности. Таа нагласи дека без ваков документ постои ризик да се прават парцијални и недоволно ефикасни проекти, додека со соодветна научно-стручна студија би се обезбедиле јасни насоки за идно планирање. На крајот истакна дека ЛЕАП-от ги препознава овие проблеми, но дека недостига конкретна сеопфатна студија која ќе ги даде сите неопходни параметри за нивно системско и долгорочно решавање.

Збор зема членот на Советот Горан Михајлов кој изрази целосно разбирање и поддршка за излагањата на стручните служби и на членот на Советот Татјана Чакулев, како и за двата предложени пристапи. Тој истакна дека целосно ја поддржува иницијативата на Чакулев за изработка на физибилити студија,

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

оценувајќи ја како исклучително важна за Општина Карпош. Според него, ваква студија би овозможила подобро искористување на постојните водни ресурси и потенцијалот за техничка вода, која би била поекономична алтернатива во однос на користењето на питка вода. Додаде дека не е сигурен дали моментално може да се вклучи во оваа програма, но смета дека може да се предложи како посебна точка во рамки на програмата за комунални дејности или преку нејзино дополнување, и нагласи дека за тоа има целосна поддршка. Во однос на проектните активности поврзани со децата, тој исто така изрази целосна поддршка, нагласувајќи дека износ од 200.000 денари е минимален во споредба со значењето на ваквите проекти. Според него, од најрана возраст треба да се гради еколошка свест кај децата, за да станат одговорни граѓани кои ќе го почитуваат просторот во кој живеат, природата, воздухот, водата и отпадот. Тој посочи дека е потребно во областа на екологијата да се спроведуваат повеќе едукативни проекти, со кои децата ќе се учат на правилен однос кон животната средина, чистотата и заедницата, наместо да се препуштаат само на игра и забавни активности без поширока едукативна компонента. На крајот заклучи дека дава целосна поддршка и за изработка на физибилити студија за техничка вода, како и за сите проекти насочени кон едукација на децата и развивање на нивната еколошка свест како основа за идно поодговорно општество.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која смета дека ова е тешка тема. Таа посочи дека не ѝ се допаѓаат сите наведени активности, иако доаѓа од граѓанскиот сектор, нагласувајќи дека за неа поважни се конкретни резултати и реални промени на терен, отколку само едукативни активности. Според неа, и покрај постоечкиот граѓански активизам, состојбата сè уште не е значително подобрена, а без него можеби би била уште полоша. Во одговор на излагањето на Михајлов, таа посочи дека во рамки на ЛЕАП-от се става силен акцент на вклучување на здруженија и едукација на деца, но смета дека тоа се две различни работи и дека во Локалниот еколошки акционен план треба поголем фокус да се стави на конкретни, практични мерки на терен. Истовремено нагласи дека останатите предвидени мерки генерално ги смета за соодветни и се надева на нивна успешна реализација. Таа информираше дека во рамки на буџетот постои ставка за геолошки испитувања, за која се предвидени средства, но досега нема конкретно поместување во реализацијата. Поради тоа смета дека преку ЛЕАП-от треба да се забрза процесот на имплементација и да се иницираат конкретни активности.
На крајот истакна дека средствата треба навистина да се искористат за намената за која се предвидени и дека, според неа, ЛЕАП-от во предложената форма е солиден документ, особено во деловите кои се предвидени за реална имплементација.

Збор зема членот на Советот Александар Петровски кој изрази согласност со претходно искажаните ставови и се осврна кон излагањето на колешката - членот на Советот Татјана Стојановска, нагласувајќи дека процесот треба да започнува пред сè од образованието. Тој истакна дека, имајќи предвид дека доаѓа од невладиниот сектор, смета оти многу активности не мора нужно да зависат само од финансиски средства, туку и од мотивација и ангажман. Според него, најмладите се клучната целна група која треба да биде мотивирана и едуцирана, а општината има механизми преку кои тоа може да се реализира, особено преку училиштата. Посочи дека е доволно да се мотивираат наставниците и да се воспостави соработка со невладиниот сектор за спроведување едукативни активности, особено во областа на екологијата. Тој додаде дека и минимални финансиски средства можат да бидат доволни за здруженијата да се вклучат и да започнат со ваков тип едукација во училиштата. На крајот заклучи дека со мали, но насочени вложувања може да се постигнат значајни резултати во еколошката едукација и подигнувањето на свеста кај младите.

Зема збор Јованче Цветановски од Секторот за екологија и енергетска ефикасност, кој се осврна на три клучни аспекти. Прво, тој ја истакна идејата за изработка на превентивни студии кои би имале и стратешки карактер на повеќегодишно ниво. Таквите документи, според него, би овозможиле ангажирање на експертски тимови за нивна изработка. Побара идејата да биде доставена во писмена форма, за да може детално да се разработи и да се разгледа можноста за финансиска поддршка на иницијативата. Второ, се осврна на ЛЕАП 3 и краткорочниот акционен план, нагласувајќи дека тој претставува водечки документ и дека краткорочните мерки мора да бидат усогласени со неговите насоки, особено во делот на водните ресурси. Трето, посочи дека локалната самоуправа има ограничени можности во рамки на Град Скопје, но дека Општина Карпош има препознатливост и позитивни искуства, вклучително и на национално и европско ниво, особено во контекст на проекти и поддршка од меѓународни институции. Тој истакна дека при различни истражувања и прашалници често се поставува прашањето за соработка со невладиниот сектор, кој, според него, ја препознава општината како партнер. Сепак, укажа дека постои недоволна директна соработка, и дека во иднина треба да се зајакне партнерството со невладините организации, особено преку заеднички проекти финансирани од различни фондови. Во продолжение, се осврна на значењето на едукацијата, особено на долгорочен план, почнувајќи од најрана возраст. Според него, во Европската унија ваквите содржини се имплементираат уште во градинките, со цел градење на свест кај идните

генерации. Тој предупреди дека водата ќе биде сè позначаен глобален ресурс, со предизвици не само во однос на питката вода, туку и во третманот на отпадните води. Посочи дека земјите во развој се соочуваат со дополнителни проблеми и дека на глобално ниво ќе се зголемува регулацијата и одговорноста за управување со водните ресурси, кои сè повеќе се третираат како стратешки и економски ресурс. На крајот, изрази очекување дека невладиниот сектор ќе ја препознае општината како партнер и дека преку заеднички проекти ќе се зајакне соработката во иднина.

Збор зема Горан Михајлов, кој се обрати кон советникот Александар Петровски, посочувајќи дека во еден дел од дискусијата бил спомнат сегментот на образованието каде што е потребно поактивно дејствување. Тој нагласи дека во формалниот образовен систем е потешко да се дојде до информации и директно да се влијае врз ангажирањето на децата во вакви процеси. Изрази уверување дека формирањето на координативно тело би помогнало за утврдување на клучните елементи врз кои треба да се работи со децата, како инвестиција во нивната иднина. Според него, ваквите проекти би биле значајни во повеќе области. Тој со жалење спомена дека се изгубени околу 600.000 денари наменети за креативен центар каде што се обработувале вакви теми. Понатаму истакна дека нема долгорочен ефект ако се интервенира само на игралиштата, бидејќи тие повторно ќе се оштетуваат доколку не се работи на едукација и воспитување на децата. Според него, суштинското решение е во психологијата, едукацијата и образованието, преку вклучување на невладини организации, но и државни институции преку соодветни проекти. Тој нагласи дека децата треба да се едуцираат дека водата е ресурс за кој треба да се грижат, како и почвата и животната средина во целина, вклучувајќи ги и животните како природно богатство.

Збор зеде Петар Теов, кој констатираше дека предлогот за изработка на физибилити студија е прифатлив. Тој посочи дека предлогот не бил разгледуван на комисија, но дека сепак имал кратко време да го обработи. Тој појасни дека станува збор за мултидисциплинарна проблематика која опфаќа повеќе сектори. Еден дел се однесува на геомеханички испитувања, изработка и капацитет на бунари, како и нивната локација, што спаѓа во доменот на градежните работи. Потоа процесот продолжува во секторот за екологија, особено по изведбата на бунарите. Дополнително истакна дека хидрантската мрежа, која би се користела за наводнување на зелените површини, би била во надлежност на неговиот сектор. Тој нагласи дека физибилити студијата сигурно нема да чини 200.000 денари и предложи, доколку наскоро се прави ребаланс на буџетот, да се предвидат реални средства за да се утврди точната вредност.

Според него, на тој начин би се добила појасна слика и би можело да се пристапи кон реализација на двете активности.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлука за усвојување на Едногодишен краткорочен еколошки Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План) за 2026 година.**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални дејности и сообраќај да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 21.04.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**ТОЧКА 8. Предлог-Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која побара да биде наведено името на улицата за која се однесува проектот. Таа истакна дека според неа, целата улица е во состојба на градилиште и затоа треба да се изработи проект кој ќе ја опфати целата нејзина должина, а не само делови од неа. Посочи дека не е исправно да се прифаќа проект кој се однесува само на дел од улицата каде што има оштетувања. Нагласи дека лично е против ваков пристап и смета дека е потребно сеопфатно решение, бидејќи на терен постојат повеќе новоизградени објекти и состојбата е променета. Според неа, жителите имаат проблеми во функционирањето и затоа е неопходно да се изработи проект за целата улица, кој ќе обезбеди трајно и уредено инфраструктурно решение.

Збор зема Зорица Китанова од Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, која појасни дека не станува збор за дел од улица, туку за

инфраструктурен проект. Таа истакна дека Општината има нарачано проект за целата улица и дека донацијата се однесува на измена на инфраструктурната мрежа – фекална и атмосферска канализација, кои се неопходни за веќе изградените објекти. Таа појасни дека станува збор за три објекти (мини згради) за кои е изработен проект согласно хидротехничките услови и кои имаат потреба од приклучоци. Според неа, без тие приклучоци објектите немаат соодветен пристап и инфраструктурна поврзаност. Инвеститорот, како што наведе, самостојно го финансирал проектот, кој предвидува пократки приклучоци согласно новите хидротехнички решенија. Таа нагласи дека не се работи за донација на дел од улица, туку за инфраструктурен проект кој Општината со задоволство го прифаќа, во координација со сопствениот нарачан проект, со цел соодветно уредување на просторот. Додаде дека станува збор за коловозно-пешачка површина, а не класична улица, и изрази задоволство што се создава можност за уредување на инфраструктура во старата населба Влае. Сепак, посочи дека и понатаму постојат неуредени и нереализирани улици кои бараат интервенција.

Членот на Советот Добрила Андоновска реплицираше на излагањето на советничката Татјана Стојановска, посочувајќи дека раководителот на секторот појаснил дека во конкретниот случај не станува збор за А2 категорија. Таа додаде дека и градоначалникот, како и советниците, се запознаени со досегашната пракса прифаќање на донации за изработка на проекти, особено за водоводни мрежи. Истакна дека ќе ја поддржи оваа точка и смета дека ваквата пракса треба да продолжи и понатаму. Воедно, таа апелираше и за решавање на проблем кој настанал минатата година за време на изборите, поврзан со водоводна цевка на улица паралелна со кејот на Вардар, во населбата Влае. Посочи дека инвеститорот, односно доколку се работи за ЈП „Водовод и канализација“, треба да го асфалтира тој дел од улицата, согласно донесената одлука. Таа нагласи дека при изведба на водоводна мрежа, без разлика дали се работи за инвеститори или за ЈП „Водовод и канализација“, задолжително е по завршување на работите улицата да се врати во првобитна состојба.

Одговор на реплика даде членот на Советот Татјана Стојановска која знае точно за што се работи. Била лично таму многу пати поради советнички прашања и жалби на граѓаните кои што живеат во овој дел. Таа улица е комплетно руинирана и најстрашно е што градат на патека? Посочи дека се донира проект не улица. Парите ќе си ги дадат за проектот. Повеќе би дала пари да се направи како што треба, него како што нив им одговара. Тоа е нејзино мислење како и за реконструкција на улици.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Трговско друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ФИЛАНД 2012 ДООЕЛ Охрид.**

Претседателот даде пауза од 20 минути.

По паузата, стручните служби констатираа кворум, односно присуство на мнозинството на членови на Советот, по што Претседателот ја продолжи седницата.

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања која посочи дека седницата била одржана на 21.04.2026 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот на Совет го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека седницата била одржана на 21.04.2026 година, извести за точките кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

**ТОЧКА 9. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска во однос на точките поврзани со детските градинки, предложи во иднина од Градот Скопје да се побараат најмалку два до три предлози, со цел да постои поголем избор при одлучувањето. Таа направи разлика меѓу градинките и училиштата, посочувајќи дека Градот Скопје кај градинките не именува членови во управните одбори, туку само дава предлози, додека кај училиштата има директни именувања. На крајот истакна дека ќе ја поддржи точката, со апел наредната година, кога вакви предлози ќе доаѓаат на дневен ред, Градот Скопје да доставува повеќе алтернативни решенија за да имаат советниците можност за избор.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје.**

**ТОЧКА 10. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје.**

**ТОЧКА 11. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје.**

**ТОЧКА 12. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје Предлог-Одлука за утврдување на реони на основните училишта на општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека усвоено е Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје Предлог-Одлука за утврдување на реони на основните училишта на општина Карпош.**

**ТОЧКА 13. Предлог-Одлука за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Зема збор Општинскиот просветен инспектор Даниела Кочовска која истакна дека врши надзор во основните училишта и јавните детски градинки во општина Карпош, согласно Законот за просветна инспекција (член 10, став 3), кој ѝ дава надлежност да го следи запишувањето на учениците и почитувањето на реонизацијата.
Таа појасни дека се пристапува кон нова реонизација поради потреба од повеќе измени и поради новите законски решенија во Законот за основно образование,

особено член 63. Според новите насоки од Министерството за образование и наука, се оди кон оптимизација на наставниот кадар и строго почитување на бројот на ученици во паралелките, кој треба да се движи од 20 до 30 ученици. За разлика од претходно, веќе не се дозволува паралелки со помалку од 20 ученици, ниту нивно продолжување со одобрение како досега.

Нагласи дека, врз основа на анализа на старата реонизација од 2024 година, во координација со Секторот за јавни дејности, градоначалникот и другите надлежни служби, како и врз основа на статистички податоци за бројот на запишани ученици, се утврдило дека е потребно да се направат измени. Целта е да се постигне порамномерна распределба – во училиштата со помал број ученици да се зголеми бројноста, а кај оние со пренатрупаност да се намали. Како најголем проблем ги посочи ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ „Јан Амос Коменски“. Наведе дека инспекциски служби од МОН извршиле увид за можности за доградба или нови објекти, но бидејќи тоа не било изводливо, биле дадени насоки за промена на реоните. Според предложената реонизација, дел од реонот на ООУ „Јан Амос Коменски“ се пренасочува кон ООУ „Братство“, дел од реонот на „Владо Тасевски“ кон „Братство“ и „Војдан Чернодрински“, а дел од подрачјето кај Момин Поток, каде има зголемена урбанизација, се пренасочува кон ООУ „Вера Циривири-Трена“. Посочи дека во постојната реонизација од 2024 година има одредени недоследности и нецелосна усогласеност со Законот за основно образование. Како пример наведе одредба која дозволува запишување на ученик од друг реон доколку има брат или сестра во училиштето, но само за едно училиште, што според неа создава нееднаквост и дискриминаторски елементи. Новата реонизација, како што рече, ги дефинира границите прецизно според урбанистички планови, улици и броеви, со цел јасно да се знае кој ученик на кое училиште припаѓа. Внатрешната организација и уписите остануваат во надлежност на училиштата и месните заедници. Таа се повика на член 63 од Законот за основно образование, според кој училиштата се должни да ги запишат учениците од својот реон, освен во строго определени исклучоци: деца кои немаат можност да посетуваат настава на својот мајчин јазик, деца со атипичен развој, и случаи со соодветна медицинска или психосоцијална документација. Дополнително нагласи дека претходните одредби од старата реонизација веќе не се во согласност со актуелниот закон. Посочи и дека со новите измени е предвидена и одговорност за директорите доколку не ги запишат учениците од својот реон. Новата реонизација, според неа, не се однесува само на ученици од прво одделение, туку треба да важи за сите ученици од прво до деветто одделение, вклучително и за оние кои се преселуваат или менуваат место на живеење, кои треба да бидат запишани во училиштето според својот реон.

Збор зема членот на советот Александар Петровски со прашање дали додека, едното дете учи на пример во ООУ "Владо Тасевски", а живее припаѓа во реонот на Нерези. Дали може и второто дете да учи во "Владо Тасевски" поради тоа што веќе едното дете учи во тоа училиште?

Збор зема инспекторката Кочовка со одговор дека со новата реонизација не постои таа можност.

Членот на Советот Добрила Андоновска зема збор и истакна дека не е против реонизацијата, и смета дека ниту еден од советниците не е против неа, бидејќи и во минатото постоеле слични одлуки кога била нарушена постојната реонизација. Како пример го наведе ООУ „Владо Тасевски", каде поради преголем број ученици наставата се одвива во две смени, што според неа создава сериозни последици врз психофизичкиот и психосоцијалниот развој на децата, како и врз семејствата.
Таа ја поздрави инспекторката и изрази очекување дека во иднина ќе биде почесто присутна на седниците на Советот, бидејќи, според неа, многу прашања и дилеми од претходните седници би можеле да бидат појаснети директно од неа. Истакна дека за точката за реонизација не добиле соодветно образложение, туку само листа на улици, што, според неа, не претставува вистинска анализа ниту објаснување. Додаде дека материјалите што биле доставени не ја содржат презентацијата која сега се обидува да се образложи на седницата. Таа појасни дека реонизацијата не е суштински променета во 2024 година, туку дека суштинските измени се направени во 2023 година, а во 2024 година истата одлука повторно била изгласана, по препорака на стручните служби на Советот. Измените од 2023 година се однесувале главно на ООУ „Владо Тасевски", поради преголем број ученици и настава во две смени, од 12 до 17 часот. Како решение, дел од учениците биле префрлени во ООУ „Војдан Чернодрински" и ООУ „Братство", без дополнителни промени во тој дел. Посочи дека, покрај демографските предизвици на национално ниво, како локална самоуправа се соочуваат со конкретни проблеми за кои е потребна детална анализа. Според неа, не е доставена демографска анализа, ниту анализа од релевантни институции за капацитетите на училиштата, просторот, условите за работа и наставниот кадар. Постави и прашање што ќе се случи со наставниците доколку се намали бројот на ученици во одредени училишта.

Посебно нагласи дека недостасува мислење од Министерството за внатрешни работи, односно сообраќајната полиција, во однос на безбедноста на учениците кои би требало да поминуваат фреквентни градски улици, како што се „Московска" и „Љубљанска". Таа повтори дека не е против реонизацијата, но

смета дека е потребно нејзино одложување за да се изработат соодветни анализи и да се донесат квалитетни решенија, бидејќи, според неа, постојат ризици од долгорочни последици. Посочи и дека постои неусогласеност меѓу реонизацијата на градинките (донесена во 2022 година) и реонизацијата на основните училишта (од 2012 година), што според неа создава дополнителни проблеми и треба да се усогласи. Како пример наведе ситуација каде дете од градинка „Мајски цвет" според постојната реонизација би се запишало во едно училиште, но според новата реонизација би било упатено во друго, што, според неа, ги нарушува социјалните врски меѓу децата и континуитетот во образованието. Таа нагласи дека сите се свесни за демографските предизвици и дека никој не е против одржување на училиштата и паралелките. Сепак, укажа на пример каде на 4 мај е објавен упис по стара реонизација, додека истовремено се носи нова одлука, што создава конфузија.

На крајот истакна дека за првпат, поради итноста на ситуацијата, поднесува амандман на самата седница и побара тој да биде процесуиран по законска постапка и прифатен, со цел навремено решавање на проблемот.

Членот на советот Добрила Андоновска го цитира амандманот:

**„Предлагач: Член на Советот Добрила Андоновска**
**До Претседател на Советот Г-дин Христо Саракинов**

**Врз основа на член 166, 167 од Деловникот на Советот на Општина Карпош, на Предлог – Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош го поднесувам следниот**

АМАНДМАН

**Во Член 1 од Предлог Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Крпош, наместо досегашниот текст „Со оваа одлука се утврдуваат реоните на основните училишта во кои се опфаќаат учениците од територија на општина Карпош" да стои:**

**„Член 1 "**

**(1) Примената на оваа одлука за упис на ученици во прво одделение се одложува за учебната 2026/2027 година.**

(2) За учебната 2026/2027 година, уписот на учениците во прво одделение се врши согласно досегашната важечка реонизација.

(3) По исклучок од став (2) се дозволува:

Запишување на ученици во истото основно училиште во кое веќе учи нивниот брат или сестра;

Примена на флексибилен пристап при упис при деца со посебни образовни потреби, врз основа на стручна проценка од надлежните инклузивни тимови.

(4) Општината е должна во рок од 6 (шест) месеци да изработи и достави до Советот:

Демографска анализа и проекции за бројот на ученици по реони;

Анализа на просторните, кадровските и инфраструктурните капацитети на основните училишта;

Безбедносна проценка за движење на учениците до и од училиштата, изготвена во соработка со надлежните сообраќајни и безбедносни институции.

Усогласување на реоните за градинките со реоните на основните училишта (идентични реонизации).

(5) По изработка на документите од став (4) задолжително се спроведува јавна расправа пред донесување на нова одлука за реонизација".

Член 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12" од Предлог – Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, наместо досегашниот текст да стои текстот за актуелната важечка реонизација на основните училишта во Општина Карпош.

Член 13" Предлог – Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, наместо досегашниот текст

**(2) „постои документација која го потврдува здравственото или психоцоцијално здравје на ученикот како основ за префрлање" треба да стои текстот „Реонизацијата не важи за деца со посебни образовни потреби".**

**(3) „кога училиштето има слободен капацитет и префрлањето е во интерес на детето, потврдено од Центарот за ментално здравје" треба да стои „кога училиштето има слободен капацитет".**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Овој амандман се поднесува поради итноста на ситуацијата, имајќи во предвид дека уписите на учениците во прво одделение започнуваат првите денови на месец мај, а примената на новата одлука без одложување може да предизвика правна несигурност, организациски потешкотии и потенцијално загрозување на правата и безбедноста на децата. Потребно е да се спроведуваат: Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, Законот за општата управна постапка, Законот за заштита на децата и Конвенцијата за правата на детето. Се утврдува дека донесување на примена на реонизација без претходни анализи, без безбедносна процена и без јавна расправа претставува отстапување под наведените принципи. Дополнително, воведувањето на реонизција што предвидува движење на деца преку фреквентни сообраќајници, без предходно утврдени безбедносни мерки и без мислење од надлежни институции, може да претставува потенцијален безбедносен ризик. Во отсуство на демографски и просторни анализи, како и без усогласување на постојните образовни политики, неусогласеност на реоните за упис во основните училишта со реоните на градинките постои ризик од правна нестабилност на одлуката во постапки пред надлежните органи. Со овој амандман се обезбедува правна сигурност, континуитет во образовниот процес и време за институционално и стручно усогласување на решението. Поради наведеното, се предлага Советот на Општина Карпош да го усвои амандманот.“**

На крајот нагласи дека не е против реонизацијата, туку смета дека таа треба да се направи квалитетно, со сите потребни анализи и забелешки. Повика на дополнителна заедничка работа и договор меѓу сите советници. Според неа, доколку е потребно, одлуката може да се одложи за следната учебна година, за да се изработи соодветно и законски усогласено решение.

Претседателот на Советот зема збор и истакна дека не е точно дека материјалите не биле доставени навреме. Според него, службите навремено ги доставиле сите материјали и образложенија. Тој потсети дека и во 2023 година

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

била спроведена реонизација без претходна анализа, без мислење од сообраќајната полиција и без јавна дебата. Додаде дека не се сеќава дека тогаш биле вклучени родители или дека биле земени предвид одредби од Конвенцијата за правата на детето. Нагласи дека новата реонизација е минимално различна од претходната, дека е стручно изработена и смета дека треба да биде поддржана.

Во однос на амандманот, рече дека е прифатлив и ќе биде дополнително разгледан, по што најави пауза за да се провери дали е во согласност со законските прописи.

Збор зема членот на Советот Добрила Андоновска со одговор дека за точката за реонизација не добиле соодветни материјали, односно немало образложение, туку биле доставени само списоци со улици, што според неа не претставува доволно објаснување. Во однос на забелешките зошто не реагирале во 2024 година, таа посочи дека во тој период никој не ги спречувал да дискутираат или да даваат предлози. Нагласи дека има право да реагира на оваа седница и дека тоа е нејзино законско право.
Додаде дека јавноста сама ќе процени кој е во право, истакнувајќи дека нејзиниот ангажман не е мотивиран од градење политичка кариера, туку од принципи. Според неа, другите имале можност да дадат свои сугестии, но не го направиле тоа, додека таа го користи своето право да предложи решенија.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевкса, која потсети дека во 2023 година, на самиот почеток од мандатот на претходниот состав, имало точка за реонизација на училиштата во Општина Карпош. Таа нагласи дека тогаш одлуката била донесена без дополнителни материјали, без јавна расправа со родителите, како и без сообраќајни анализи или други релевантни податоци. Единствено образложение било дадено усно од тогашниот градоначалник, кое нивната советничка група целосно го поддржала. Во тоа образложение било посочено дека настанал хаос во училиштата во Карпош, бидејќи голем број ученици од соседни општини се запишувале таму. Таа истакна дека немале ништо против децата од други општини да учат во Карпош, но проблемот бил што тоа довело до нерамномерна распределба – во некои училишта немало доволно ученици за формирање паралелки, додека во други имало преголем број. Со текот на времето, се покажале недостатоци во тогашната реонизација, што, според неа, е нормално – како и кај секој пропис или закон, кога ќе се појават слабости, тие треба да се коригираат. Подоцна станало јасно дека проблемот не е само меѓу општините, туку и внатре во самата општина, односно меѓу различни населби. Таа нагласи дека и по неколку години проблемите сè

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

уште не се целосно решени. Посебно се осврна на децата со попреченост, истакнувајќи дека треба прецизно да се применат одредбите од Законот за основно образование, без импровизации и без излегување надвор од законската рамка, имајќи ги предвид и другите релевантни закони за правата на децата.
Во однос на прашањето за браќа и сестри, таа рече дека на прв поглед нема проблем, но во пракса се појавуваат ситуации што отвораат дилеми. Како пример наведе две соседни семејства: во едното има едно дете, а во другото две. Ако постарото дете веќе учи во едно училиште, помладото би требало да се запише таму, додека соседното дете нема таа можност и мора да оди во друго училиште. Според неа, ваквите ситуации може да доведат до чувство на нееднаквост и дискриминација меѓу децата, што треба да се избегне.
Таа заклучи дека мора да се направи пресек и да се започне со решавање на проблемите, со цел да се надминат слабостите од претходните одлуки и да не се создаваат нови. Истакна дека советниците се тука да ги застапуваат граѓаните и дека сите предлози треба да се разгледуваат во рамки на системскиот Закон за основно образование.
На крајот посочи дека со предложената реонизација се прави обид да се воведе ред во училиштата и дека таа доаѓа во вистинско време, бидејќи во некои училишта сè уште има многу мали деца кои посетуваат настава во втора смена, што не е соодветно решение.

Збор зема членот на советот Благица Цветановска како дел од образовниот процес истакна дека до неодамна била наставник во основно училиште, па добро ги разбира проблемите со кои се соочуваат наставниците, родителите и семејствата во образовниот процес. Таа посочи дека дел од амандманот предложен од Добрила ѝ се допаѓа и се согласува со одредени негови аспекти. Сепак, смета дека реонизацијата треба да остане како што е досега, со одредени измени кои произлегуваат од барањата и од новите измени во Законот за основно образование донесени од Министерството за образование и наука, кои мора да се почитуваат. Во однос на децата со посебни потреби, нагласи дека и досега било предвидено тие да не подлежат на реонизација. Таа постави и прашање до инспекторката во врска со формирањето на паралелките и како ќе се одвива тој процес понатаму. Според неа, тоа најверојатно ќе зависи од уписите во мај, но состојбата може да се менува и во септември. Училиштата добиваат податоци за запишување на првачиња од Министерството за внатрешни работи, како и од градинките, но тие податоци не се конечни, бидејќи има преселби, дополнителни уписи и промени на адреси.
Таа нагласи дека Законот за основно образование е донесен врз основа на анализи и е усогласен со други релевантни закони, како и со меѓународни конвенции. Апелираше оваа реонизација да се усвои во предложената форма, а

понатаму, откако ќе се види како ќе се применуваат новите законски измени, да се разгледаат и амандманите и предлозите на Андоновска.
На крајот, истакна дека ова е нејзино лично мислење и дека во овој момент е неопходно да се донесе некаква одлука, бидејќи не може да се остане без реонизација. Според неа, предложеното решение е прифатливо.

Збор зема членот на советот Катерина Илиева која истакна дека не гледа проблем во излагањето на инспекторката Даниела. Таа нагласи дека не станува збор само за член 63 од Законот за основно образование, туку и за други закони кои биле спомнати, и дека тие се релевантни. Сепак, според неа, потребно е целата ситуација да се објасни многу поедноставно за јавноста, бидејќи граѓаните не се доволно информирани и постои неизвесност за можните последици. Таа смета дека институциите треба појасно да им објаснат на граѓаните што точно ќе значат овие промени. Додаде дека и нивната советничка група од Левица има потреба од детална анализа. Таа напомена дека слушнала оти таква анализа постои и смета дека е коректно истата да им биде доставена, особено затоа што не добиле образложение седум дена пред седницата. Иако добиле материјали, недостасувало суштинско образложение.
На крајот истакна дека без соодветна анализа не можат да донесат информирана одлука, односно не можат да гласаат ниту „за“, ниту „против“, па затоа ќе бидат воздржани по оваа точка.

Збор зема членот на советот Вера Бужаровска која истакна дека граѓаните се доведени во ситуација да трпат непотребни тешкотии. Таа праша во кој контекст се вели дека тие „малтретираат“, кога реалноста е дека едно дете ќе треба да учи во едно училиште, а друго во друго. Дел од родителите имаат возила, но многумина немаат и ќе мораат да се снаоѓаат пешки.
Таа нагласи дека реонизацијата како процес е прифатлива, но проблемот е што се предлага без соодветна анализа. Нема јасни податоци колку ученици ќе се запишат наредната година, ниту во кои училишта ќе има зголемување или намалување на бројот на првачиња. Во образложението се наведува дека во одредено училиште бројот се зголемува, но не е посочено каде се намалува. Според неа, одлуката се носи без претходна и сеопфатна структурна анализа, со која советниците не се запознаени.
Дополнително, таа истакна дека постојат реакции од родители и дека институциите се должни да ја обезбедат потребната анализа, особено во интерес на семејствата со повеќе деца и на оние кои немаат сопствен превоз. Според неа, ваквата одлука може да предизвика хаос непосредно пред уписите. Таа потсети и на заклучок од Уставниот суд од 2011 година, нагласувајќи дека не смее да има дискриминација врз основа на место на живеење.

На крајот, предложи одлуката да се преработи и истакна дека не станува збор за вистинска потреба, туку за желба да се донесе нова реонизација без паралелно да се направи реонизација на градинките. Таа нагласи дека овие два процеса не треба да се одвојуваат и праша дали се планира реонизација и за градинките, која би требало да ја следи предложената реонизација за училиштата.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска се обрати до Претседателот на совет, кога до него се доставува амандман. Претседателот на Советот има повеќе опции. Има опција да продолжи со дискусијата за точката како што било досега. Има опција да веднаш помине на разгледување на амандманот, затоа што амандманот секогаш има предност и она што е најважно, може да побарате како претседател веднаш да даде одговор градоначалникот на амандманот, бидејќи сите се затекнати, вклучувајќи ја и неа која на координација образложила многу работи и сметала дека ќе има заеднички јазик со заедничко решение. Ги замолувува да се прејде на тоа што е сега суштински, процедурата е да се прејде на разгледување. Одговор на амандман и дискусија за амандманот, а не за точката за дневен ред, освен да не некому му се одземе зборот. Нејзиниот предлог е одлуката да се одложи за следната училишна година, како што пишува во амандманот. Ако треба да се направи координација, да се договорат што ќе се прави ако треба се гласа воздржано, да седнат со сите релевантни фактори. Децата ќе поминуваат како што ќе поминуваат на пешачки премин без ништо, без успорување, брзина итн. Секогаш е за компромис, ама најмногу за правилна работа. Сите се затечени, можеби мора сега може да се насочат такви промени. Со предлог да направат координација да направат компромис, да го одложат ако треба за една недела, како што ќе проценат да комплетираат сè, да се искоригира тоа, да бидат законски покриени и пред сè, имаат одговорност кон децата и родителите Да има анализи. Се што е потребно да се прибави за не падне на уставен суд.

Збор зема Анета Марковска од секторот за јавни дејности, која сака да демантира било каков обид за правење хаос во училиштето и проблематизирање со оваа предлог одлука во училиштата. Апсолутно тоа што инспекторката просветна го кажа стои позади тоа. Утврдува дека двете причини за носење на оваа одлука или предлог одлука доставена до Советот се законските измени во Законот за основно образование и втората причина точно утврдување на веќе поставените граници во минатите одлуки. Ако во минатата одлука има на запад, на исток, на север, на југ, во оваа одлука точно со адреси ги утврдуваат границите за да нема нејаснотии од оваа страна, од онаа страна на улицата. Тоа е во делот на реоните, во делот на законските обврски тие, ниту Советот, ниту службите не се во состојба да разгледуваат, да дебатираат и да

носат одлуки спротивни на законот. Ако законот се променил во 2025 година, тие се должни да ги усогласат законските измени и да ги усогласат во одлуките кои ги носат на локално ниво. Што се однесува на Законот за заштита на децата, апсолутно нема никаква врска со Законот за основно образование, дечињата во градинките се запишуваа по реонизација којашто е донесена, и има валидна и актуелна реонизација донесена во минатите години во Општина Карпош, каде што голем дел од советниците, тогаш биле советници. Исто така и нема никакво задолжение или задолжителна обврска да се донесе одлука за реонизација кај градинките. Тоа била волја на тогашниот градоначалник и советниците. Тоа го поддржале, секој градоначалник како предлагач си има право да си ги измени, да донесе, да предложи нови одлуки, а Советот е тука за да ги подржи или не како и да достави амандмани. Амандманите мора да се во согласност со закон. Апсолутно не може, ако во законот не пишува дека брат и сестриче немаат можност да се запишат таму каде што братчето и сестричето веќе учат, односно второто дете да оди таму каде што учи првото дете. Тие тоа го исфрлиле, за разлика од минатата одлука каде што било наведено само во еден член. При тоа тие запишувања на повозрасните дечиња биле заради кршење на одлуката за реонизација во минатото, а не поради тоа што сега има промени во реоните. Тврди одговорно дека промена во реоните нема. Утврдени се само адресите со страните на улиците и границите, точни адреси на границите. А тоа што во минатото вон реонски си се запишувале, па сега бараат по тој основ и нивните помали дечиња да се запишат. Смета дека со оваа одлука тоа нема да биде дозволено.

Збор зема членот на Советот Елена Домика, која истакна дека Уставен суд донел одлука за реонизација во 2021 година, но Општина Карпош не постапила согласно таа одлука. Нагласи дека нејзиното обраќање е поттикнато и од лична причина. Таа сподели пример од сопственото искуство: две близначиња, кои во периодот кога требало да започнат прво одделение, поради реонизацијата биле распределени да посетуваат настава во училиштето „Братство“, иако според неа требало да бидат запишани во „Петар Поп Арсов“ во Карпош 4. Причината за ова била нивното живеалиште од другата страна на булеварот Партизанска.
Домика посочи дека како родители доставиле бројни аргументи до општината зошто децата треба да учат во „Петар Поп Арсов“, но никогаш не добиле одговор. Иако децата веќе го завршиле основното образование во „Братство“, останува прашањето за безбедноста при секојдневното преминување на булеварот, како и дали нивните права биле прекршени, при што таа смета дека тие биле дискриминирани по повеќе основи. На крајот беше посочено дека на седница на Комисијата за јавни дејности, инспекторката и надлежните служби детално

образложиле зошто се спроведува ваквата одлука, повикувајќи се на релевантните законски одредби.

Збор зема членот на советот Горан Михајлов кој изјави дека многу интересна дискусија се развила на седницата. Суштината е дека треба јасно да се дефинира кој носи одлуки. Но, ако тоа право е ограничено со закон, тогаш не треба да се остава простор за индивидуално одлучување. Во однос на реонизацијата на градинките и училиштата, постои ризик таа да создаде, или потенцијално да предизвика, социо-психолошки проблеми кај одреден број деца. Не е јасно дали при донесувањето на законот биле направени соодветни анализи, односно физибилити студија која ќе ги земе предвид бројот на жители и очекуваниот број на деца. Дополнително, прашањето со деца кои имаат братчиња и сестричиња исто така може да доведе до социо-психолошки предизвици. Затоа, неопходно е да се направи детална анализа за да се утврдат можните последици и да се донесат соодветни решенија.

Збор зема членот на Советот Владимир Бислимовски кој посочи околу неповрзаноста на градинките и училиштата, потенцирајќи дека социјалниот момент е многу важен. Сега се наоѓаат во ситуација едното дете да го носат во едно училиште, да се малтретираат родители, да прават трошоци итн. Смета дека тоа што членот на Советот Добрила Андоновска го спомнала треба да се разгледа и потоа да се донесе одлука. Се обрати кон Градоначалникот, со укажување дека сите тие кои што ќе имаат проблем ќе одат лично кај него со забелешка. Тој предлага да се поразговара и да се најде некое решение за овој проблем се реши.

Претседателот даде пауза.

По паузата, стручните служби констатираа кворум, односно присуство на мнозинството на членови на Советот, по што Претседателот ја продолжи седницата.

Претседателот посочи дека дискусиите се исцрпени во однос на точката и поднесениот амандман.
Во однос на поднесениот амандман од страна на членот на советот Добрила Андоновска, за време на паузата бил разгледан и согласно прописите е.

Претседателот пред да го стави на гласање амандманот побара свое мислење да даде градоначалникот и да одговори дали го прифаќа амандманот.

Збор зема Градоначалникот кој укажа дека ги ислушал сите тези и контра тези, лично смета дека оваа реонизација која ја предлага само поконкретно и подецидно ги одредува границите на припадност на учениците и сите останати одредби се издржани со законот. Смета дека нема потреба од амандманот.

Претседателот го стави амандманот на Добрила Андоновска на гласање.

**По спроведеното гласање со 7 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, не е усвоен амандманот предложен од членот на советот Добрила Андоновска.**

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 6 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош.**

**ТОЧКА 14. Предлог-Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска која посочи дека кога станува збор за донации и кога се работи за минимални донации до 10.000 денари мора да помине преку Советот, што овде (во Општината) е пропуштено во минатото. Последен пат преминува преку тоа да одредена донација не биде помината преку Советот. Ова одговорно го тврди и моли сериозно да биде сфатена. Донација и од 2.000 денари и 3.000 денари треба да помине со одобрување на Советот, како што е законски. Службите треба да внимаваат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По **спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од Здружение на граѓани ПОЗИТИВО - Скопје за опремување на сензорна соба во ООУ „Петар Поп Арсов“- Карпош, Скопје.**

**ТОЧКА 15. Предлог-Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По **спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош.**

**ТОЧКА 16. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Катерина Илиева со прашање кога се сменети материјалите и зошто каде што членот Мирјана Пехчевска Поп - Илиева била назначена како секретар на Општина Карпош, сега е назначена како вработена во секторот за поддршка на градоначалник. Лично ја интересира каде навистина работи личноста? Досега се потпишува на официјални документи како секретар на општината. Каде работи оваа личност?

Збор зема Градоначалникот кој појасни дека се работи за техничка грешка, Мирјана Пехчевска Поп - Илиева работи како Помошник раководител на Сектор за поддршка на градоначалник.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

По **спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и Просторна единица за заштита и спасување на Општина Карпош.**

**ТОЧКА 17. Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Иницијатива за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Карпош.**

**Советнички прашања**

Членот на советот Владимир Бислимовски ги постави следните советнички прашања :

**1.Зошто учениците немаат превоз во ООУ "Аврам Писевски" дали има можност општината повторно да организира превоз бидејки се работи за 97 деца ?**

**2. Дали ќе се гласа ДУП кај Таџталиџе 2 со можност за суспензија на згради за да можат куќите да се доградат?**

Членот на советот Татјана Стојановска ги постави следните советнички прашања:

**1. Барањето за спецификација, список на легализирани објекти?**

**2. Како е издадено одобрение за градба на А2 во ДУП З 09 каде што е изгласано, одобрение за градба при изгласан заклучок?**

**3. Урбанистички проекти во Нерези, за издавање дозволи кои се во спротивност со одлуката за заштита на вода за оние делови коишто се во заштитениот дел од вода?**

**4. Барам одговор за Ребац за ДУП Ј 02?**

**5. ДУП З 06 мислам дека е блок три. Заглавено е на анкетните листови уште од јули месец и нема никакво понатамошно движење. Не се однесени анкетните листови до урбанистите?**

**6. Одговор за рампите дали ќе се продолжи со акцијата за отстанување на рампите коишто се бесправно поставени, бидејќи има само три коишто се во**

функција, една тргната две подигнати, а се останато е запрено. Тоа беше некаде многу рано во периодот на почетокот на годината

7. За улица "Никола Парапунов" бидејќи се работи за пристапност до улицата, кај потегот од Тинекс маркет до кејот на Вардар бидејќи тука е работа за сообраќајно регулирање на тој дел, бидејќи имаат проблем со влез и излез на возила?

8. Инспекторатот упорно одбива да постапува по пријави на меил. Го цитирала членот во законот за инспекторски надзор според којшто член 5 и 8 според којшто пријавите може да ги поднесуваме по меил. Реакции на мои пријави има само кога однесувам до архива. Јас сметам дека не е во ред да не се почитува законот за инспекциски надзор. Побарајте од нив одговор зошто тоа не се почитува, бидејќи е во закон наведено како нешто што треба да се почитува?

9. Најбрзо што може да ги отстранат камионите кај ООУ "Братство"?

10. Последни инспекциски акти, како што се уште гледам се од февруари 2026 година Инспекторат навистина одговараат, но некои работи остануваат ненаправени, а тие се задолжени на неделно ниво да ги постапуваат инспекциски акти. Ние немаме од февруари, значи март и април воопшто нема поставени инспекциски акти и во едно дрон. И јас кажав и ветив на раководителката на сектор дека повторно ќе го поставам како прашање. Дронот го имаме од декември 2024 година. Какви да се обуки, какви дозволи да треба до сега значи ќе почнат, ќе почне сезона на пожари, ќе си имаме страшен проблем. Дајте да обезбедиме било како да може да се врши контрола на територијата на општината?

11. На Ул "Ангел Динев" жителите имаат пријави буквално до сите сектори. Луѓето имаат проблем со складирањето на картонски кутии на многу елементи врзани со маркетите во тој дел и се плашат дека може да дојде до непријатни ситуации при пожари и слично. Дали е направено и дали е постапено и одговорено по овие нивни пријави? Не ги не пријавувам јас него. Не веќе има четири пријави, а немаме одговор. Ниту они имаат одговор дали е постапено и кој одговорил?

12. Имаме многу лоша ситуација во Злокуќани, односно делот кај болницата Бардовци кај Пакомак, мислам Гим тамо дека има свои простории. Таму е

пријавувано дека се одлага отпадот. Отидено е на чистење. Коментарот од жителите таму дека само 30 % е исчистено. Јас би замолила да се мапира. Директно ќе го побара и тоа е ставено во леапот мапирање на сите поголемите депонии. Ова е една од најголемите и најтешките да се мапира, да се овозможи следење и тоа беше голема работа. Јас затоа и го поддржав, инаку можеби немаше. Има убави моменти, следење преку камери. Мислам дека тој дел треба да се среди конечно, посебно затоа што таму се одлага многу отпад и треба да се направи ред во тој дел. Исто така, има забелешка жителот кој што пријавуваше сè, и тогаш кога чистеле рекле дека ќе се стават шахти дека не биле набавени. Јас би замолила што побрзо кај човекот да се постават шахти, затоа што тие што го фрлаатотпадот ја запушуваат и канализација со отфрлање на отпадот и внатре во шахтите. Доколку треба локацијата ќе ја доставам преку писменото доставување на соодветните прашања?

Членот на советот Добрила Андоновска ги постави следните советнички прашања:

1. Дали Општина Карпош може во блиска иднина да воспостави работа на Архива во втора смена (пример до 17 – 18 ч) поради подобра услуга на граѓаните?

2. Дали Општина Карпош може да преземе активности и да испрати циркуларно писмо со опомена на маркетите во однос на навремено отстранување на отпад и во однос на доставување на роба, а да не биде загрозени станарите на зградите, по повод маркетите во Влае 2, но и на цела територија на Општина Карпош?

3. Барам, поединечно за секое основно училиште, да ми се одговори колку хигиеничарки недоставуваат согласно нормативите дадени од МОН (према мои информации недостасуваат вкупно околу 80 хигиеничарки?

4. Дали Општина Карпош има намера да ги плати (плата и придонеси) хигиеничарките за кои веќе нема пари од МОН, како и хигиеничарките кои треба да се вработат, согласно нормативите?

5. Дали е точно дека раководителка во општината (на сектор, на одделение или помошник раководител) вработила свој сопруг во едно основно училиште со договор и потоа побарала со официјален документ вработување на неопределено време?

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

По исцрпување на точките од дневниот ред и поставените советнички прашања, Претседателот на Советот ја затвори 12. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 15.50 часот.

Изработил: Виолета Андреевска
Проверил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-4664/3**
**Датум: 21.05.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов**